# СВЕТОТ Е МАЛ ЗА ОВОЈ ГОЛЕМ КАШКАВАЛ



Драги дечиња здраво! Јас сум битолското чупе, внука на млекарот Миле.
Приказнава слатка ја знам од прва рака, дедо Миле млекарот да ви ја раскажам сака.
Полна е со изненадувања и слатки смешки, другарство и хуманост без грешки.
Хероината на приказнава се вика Ели, секогаш подготвена насмевки да дели,
да прави добри дела и подвизи смели.
Сликовницава шарена млекарата ви ја подарува,
сака секаде другарство да царува.
Време е да почнеме нели, седнете мирни
– ќе ви ја раскажам приказната за Ели.





Некогаш, некаде,
во градче со куќи бели,
живееше девојче по име Ели.
Секогаш весела и со љубопитен ум,
рипкаше, шеташе,
по шума и друм.

Еден ден близу шумскиот пат,
одненадеж слушна: БУМ! ТРАС! БАП!
Возбудена ѕирна низ грмушката цветна,
СФИУУУ! – пред нос пита кашкавал ѝ летна!
Ели беше вџашена сета,
огромна пита се тркала, шета?
По неа таа се вдаде брзо,
питата се упатила
кон градското корзо.



„Со трчање да ја стигнеш ќе ти биде тешко“
– од велосипед ѝ довикна еден палав Смешко.
„Качи се на велосипедов со мене ти, ќе ја стигнеме лесно
како еден, два, три.“ Храбриот Смешко вртеше педали,
да беше  олимпијада ќе освојуваше медали!
Меѓу грмушки, дрвја, остри кривини, умешно,
вешто менуваше брзини. Одзади Ели гласно се смее,
од силното ветре косата ѝ се вее.
Тркалкајќи се брзо од стрмниот пад,
питата стигна до градскиот плоштад.



Веднаш до неа успеаја да стигнат,
но со малите рачиња не можеа да ја дигнат.
„Дечиња смели, ви треба помош, нели?“
– се појави група деца. Се наместија сите дечиња мили,
ја кренаа заедно, со здружени сили.

„А сега каде?“– на глас праша Раде.
На Ели и Смешко идеја им дојде,
да ја вратат кај млекарот,
пред денот да пројде.
Лека полека ја стркалаа така,
сите на мисија тргнаа без мака.








„Може ли да добијам едно парче?“ – се јави одзади едно гласче.
Малото дете беше гладно, на рачињата му студеше од времето ладно.
Од средината на кашкавалот почна парчиња да дели, сите ја видоа хуманоста на Ели.
На детските лица насмевка блесна, одеднаш питата стана полесна.

Децата продолжија кон нивната цел, иако од кашкавалот недостигаше дел.
„АВ! АВ! АВ!“– од некаде се слушна, слатко, рунтаво кученце меѓу нив се мушна.
Почна да се гали, да се вртка, со опавчето весело да мрдка.
Го зедоа со себе и му скубнаа кашкавалче, па продолжија
да тркалаат со новото другарче!



По патот стигнаа до куќичка бела, со дрвена ограда обвиткана цела.
Застана Ели и во себе си рече: „На мојата болна другарка в постела денот ѝ тече“.
Да ја посети некој многу ќе сака,
па ги фати децата и Смешко под рака.
Ја прегрнаа заедно сите силно и ја бакнаа милно.
Насмевка го закити лицето на Бети,
бидејќи на нејзе другарка ѝ се сети.
Од питата кашкавал ѝ дадоа да гризне,
за болеста побрзо од неа да се слизне.

„Месечината почна на небото да ѕирка,
да побрзаме мора“ – рече Мирка.







Ја тркалаа питата брзо и сложно,
со заеднички труд сè било можно!
„Дечиња мили каде сте биле?“
– загрижено ги праша млекарот Миле.
Авантурата ја раскажаа во еден здив,
за изедената пита никој не е крив.



„Вашата дружина навистина била смела,
вие направивте многу добри дела!“
Им измолзе млеко од шарената крава,
за уморните деца ова беше гозба права.
Добриот млекар до дома ги врати,
за секое дете од кашкавалот парче прати.
Ели со децата и Смешко се прости,
си ветија сите ќе си одат на гости.



Дома се фрли во прегратката на тато и мама,
но, чекајте, таа не беше сама!
Од зад вратата главче срамежливо ѕирна –
„Подарок ви носам – кучето Мирна.“
„Преубав подарок“– возвратија тие,
но Ели веќе легнала да спие.
Обвиени со љубов заспаа полека,
утре нова авантура ги чека.
Во постела топла сите сонуваа,
како светот со добри дела го чуваа.

Да имаш другар значи да бидеш со него и во радост и во тага и никогаш да не кажеш лага.
Здружени другарчиња стануваат јуначиња, тие се договараат и не се караат.
Ако болест другарчето твое го фати, со твојата прегратка силата ќе му се врати.
Ако осамено во болнички кревет тагува, оваа песничка ќе го израдува.
Другарчиња драги, другарчиња мили, запејте силно со здружени сили:

## ПРЕГРАТКА НА ДАР

Во детското срце добри желби зрачат
„Подарете прегратка и зборови што значат“
рачињата мали играчка прават
на креветот од тага тие да ја стават.
И сите таги ќе исчезнат знам
ќе нема веќе болка ниту грам
очите мои ќе блеснат ко жар
Ако добијам бар прегратка на дар
Ако добијам бар ПРЕГРАТКА НА ДАР!



БОЕНКА



## Драги родители

Ве охрабруваме оваа весела и поучна сликовница на вашите најмили да им ја читате со певлив тон и да ги нагласувате ритамот и римата. Како дополнителна игра што ја предлагаме со сликовницата е пронаоѓање на разните животни и инсекти низ приказната. Побарајте од децата да ги покажат животните и инсектите и да ги имитираат нивните звуци.

## Драги воспитувачи

Ве охрабруваме да ја искористите содржината на сликовницата за да подготвите театарска претстава. Задржете се на поучните моменти, истакнете ги примерите за пријателство, сочувство, подарување и слично. Слободно можете да ја проширите приказната и да додадете нови ситуации за време на тркалкањето на питата кашкавал. За завршна точка искористете ја химната на „Прегратка на Дар“.

Хуманитарна акција

Прегратка на Дар 2013


Генерален покровител

bimilk

Организатор на акцијата и издавач

ringeraja.mk

Илустрации и дизајн
Томи Џуровски

Автор на текст
Томи Џуровски и Барбара Синадиноска

Лектор
Елена Боцевска

Печати
„11 Октомври“ - Прилеп

Директор
Симона Тренчевска

Проект менаџер
Емилија Џуровска

Стручен соработник
Дипл. Педагог Наташа Ристеска Тодоровска

Тираж
10000



Сликовницата е отпечатена за потребите на проектот „Прегратка на Дар“ 2013.
Сите авторски права се задржани. Забрането е размножување и користење на истата за комерцијални цели.

# СВЕТОТ Е МАЛ ЗА ОВОЈ ГОЛЕМ КАШКАВАЛ

